СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 44. седница**
**29.5.2019 година**
**Точка на дневен ред бр.4-1**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година

**Битола, мај 2019 година**

# М И С Л Е Њ Е

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2018 година дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2018 година со опфат на: условите во кои Банката ја вршеше својата деловна активност, финансиската состојба на Банката, остварениот финансиски резултат и пазарната позиција. Детално се прикажани достигнувањата по одделни сегменти од деловното работење, како и работењето на органите на Банката во рамки на Извештајот за корпоративно управување, кој е составен дел на овој извештај.

Податоците презентирани во Годишниот извештај ја потврдуваат определбата на Банката за стабилно работење и профитабилно работење при истовремено почитување на законската регулатива и регулативата на НБРМ. Кредитната активност се задржа на стабилно ниво, со главен акцент врз кредитирање на домаќинства и прудентно кредитирање на корпоративниот сектор каде интензивно се работеше и на наплата. Депозитите и понатаму останаа главен извор на средства со учество од 75,39% во вкупната пасива. Резултатот од работењето на Банката во 2018 година е позитивен, односно Банката оствари нето-добивка во износ од 34,43 милиони денари.

Во Годишниот извештај се вклучени информациите пропишани со Законот за трговските друштва и Одлуката на Народна банка за правилата за добро корпоративно управување во банка.

Наше мислење е дека Годишниот извештај реално и транспарентно го прикажува целокупното работење на Банката во 2018 година, остварувањата по деловни сегменти, промените во билансните позиции во однос на претходната година со елаборирање на главните фактори кои ги предизвикале промените, односно сметаме дека Годишниот извештај дава комплетна и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2018 година.

НО бр.02-5836/1/II-2-1
Битола, 27.3.2019 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
претседател
г. Ненад Јосифовиќ

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 4